# ПРВ ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ВКЛУЧЕНОСТА НА ОПШТИНАТА ЦЕНТАР ВО ПРОЕКТОТ “СКОПЈЕ 2014“

Подготвиле: Проф.д-р. Слаѓана Тасева и

Драган Малиновски




Скопје, Август 2013 год.

На основа на Решението бр. 08-357/2 od 21.05. 2013 година донесено од страна на Градоначалникот на Општината Центар, Г-дин Андреј Жерновски, за формирање на Комисија за утврдување на фактичката состојба во врска со градењето на спомениците во рамки на проектот Скопје 2014, а кои се финансирани од буџетот на Општина Центар Скопје, експертите проф. Д-р Слаѓана Тасева и Драган Малиновски го поднесуваат следниот:

**ПРВ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА**

**за инвестициите на Општина Центар во рамки на проектот СКОПЈЕ 2014**

Овој Прв извештај е изготвен исклучиво на основа на документите кои на комисијата и беа направени достапни од страна на вработените во Општината Центар. Друг дополнителен извор на информации беа документи и податоци кои се јавно објавени на веб страните на Општината Центар и надлежните државни органи како и увидот на местото каде се лоцирани и поставени спомениците, придружните елементи и објекти.

Извештајот ги содржи следниве елементи:

1. Анализа на правната рамка
2. Анализа на постапката за донесување на одлуки за градење на спомениците
3. Анализа на дел од постапката за јавна набавка за изградба на споменици и други придружни елементи и објекти

## 1. АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РАМКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ "СКОПЈЕ 2014" НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Нормативната подлога на основа на која Општината Центар ги водела или требало да ги води постапките за реализација на проектот Скопје 2014 е поставена во неколку закони: Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на РМ" бр.66/04 и 89/08) ЗМССО, Закон за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02)ЗЛС, Закон за град Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2004 и 158/2011),Закон за јавните набавки (''Службен весник на РМ'' бр.136/07, 130/08 и 97/2010) ЗЈН, како и во Статутот на општината Центар ("Службен гласник на Општина Центар" бр.1/06).

**<u>а) Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата (Службен весник на РМ бр.66/04 и 89/08)</u>**

Со овој закон се уредуваат прашањата поврзани со одбележувањето на значајни настани и истакнати личности со меморијални споменици и спомен обележја, условите и постапката за подигање на меморијалните споменици и спомен - обележјата, субјектите одговорни за нивното подигање, заштита, чување, регистрите за нивна евиденција, како и надзорот и контролата над спроведувањето на одредбите на овој закон (Член 1).

Во член 2 од Законот е утврдено дека со подигањето на меморијалните споменици и спомен-обележјата се одбележуваат значајни настани и истакнати личности од историјата и културата на граѓаните на Република Македонија, на македонскиот народ како и граѓаните што живеат во нејзините граници, кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите, како и историјата и културата воопшто, кои се од исклучително значење за општествениот развој на Република Македонија, со што се придонесува за остварување и унапредување на слободите и правата на граѓаните, како и за афирмацијата, примената и почитувањето на начелата на хуманизмот и општоцивилизациските вредности.

Во член 3 од Законот е утврдено дека **меморијални споменици**, во смисла на законот, се поединечни или група објекти и монументални дела од архитектурата, скулптурата, сликарството и применетата уметност со историски и уметнички содржини и вредности што се подигаат за трајно зачувување на споменот на настаните и личностите од членот 2 на законот, а кои се од исклучително значење за Република Македонија. Настаните и личностите што се одбележуваат со меморијален споменик, согласно законот, треба да се од исклучително значење за развојот на државноста на Република Македонија и за нејзиниот државно-правен континуитет и да се вградени во историскиот развој на земјата.

**Спомен-обележјата**, согласно членот 4 од законот, се бисти, скулптури, плочи, чешми, фонтани и други уметнички и архитектонски дела и творби што со своите содржини и ознаки одбележуваат настани и личности од членот 2 на законот или од народната традиција, кои се од локално значење.

Согласно членот 5 од законот, **меморијален споменик може да подига Собранието на Република Македонија.**

Иницијатива за подигање меморијален споменик можат да дадат, како и да вложуваат средства за негово подигање: Собранието на Република Македонија и органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, установи, здруженија на граѓани и фондации, други заинтересирани правни лица и граѓани.

Спомен - обележје можат да подигаат општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, согласно со овој и друг закон. Правни и физички лица можат да дадат иницијатива до советот на општините, на градот Скопје и на

општините во градот Скопје за подигање спомен - обележје, како и да вложуваат средства за негово подигање.

Според овој член општината може да вложува (сопствени) средства воподигање на меморијален споменик, но Република Македонија неможе да издвои средства во Буџетот за таква намена, односноне е предвидено давање на средства на општината за подигање наспомен–обележје. Во текстот на Законот не е определена обврска општината придонесување на Одлуката за секое спомен–обележје поединечно даутврди:потребни средства за реализација на иницијативата иизвори на средства;извор на средства потребни за чување на спомен обележјето.

Собранието на Република Македонија, согласно членот 6 од законот, за настаните и личностите што треба да се одбележат со меморијален споменик, донесува **Програма** за одбележување на значајни настани и истакнати личности со меморијален споменик, за период од пет години. Програмата содржи особено: настани и личности што ќе се одбележат, податоци за настаните и личностите и нивното значење; вид и содржина на меморијалниот споменик; место каде што ќе се подигне меморијалниот споменик, порака што треба да ја симболизира меморијалниот споменик, основни елементи за текстот што би бил истакнат на меморијалниот споменик, извор на средства за финансирање на подигањето и јавното промовирање на меморијалниот споменик и рок за подигање на меморијалниот споменик.

За секој меморијален споменик содржан во програмата, Собранието на Република Македонија донесува **одлука** за подигање на меморијален споменик со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Во одлуката се утврдува особено: тело одговорно за реализацијата на иницијативата за подигање на меморијален споменик; потребни средства за реализација на иницијативата и извори на средства;видот и содржината на меморијалниот споменик; местото каде што ќе се подигне меморијалниот споменик и рокот за подигање на меморијалниот споменик и друго.

Согласно членот 17 од законот, советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за одбележување со спомен-обележја на настани и личности од членот 2 на овој закон што се од локално значење, донесува програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја која се донесува за период од пет години.

Програмата на општината, се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.

Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје именува Одбор за подигање на спомен-обележје.

Одборот за подигање на меморијален споменик или спомен обележје согласно членот 10 од законот, распишува јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање на меморијален споменик односно спомен обележје и се грижи за спроведување на конкурсната постапка и за изборот на идејниот проект што ќе се реализира.

Конкурсот за изработка на идеен проект за подигање меморијален споменик или спомен обележје согласно членот 13 од законот особено содржи:

1. опис на видот и содржината на меморијалниот споменик;
2. местоположба каде што ќе се гради меморијалниот споменик;
3. основни елементи за текстот што би бил истакнат на меморијалниот споменик;
4. потребна документација и прилози што треба да ги содржи идејниот проект;
5**. пресметковна вредност на меморијалниот споменик;**
6. износи на наградите, евентуалните откупи и начинот на регулирање на авторското право;
7. рок за пријавување на конкурсот.

**б) Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02)**

***Надлежност на општината***

Со овој закон се уредуваат: надлежностите на општината; непосредноточество награѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината;општинската администрација; актите на органите; имот - сопственост на општината;надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот наопштината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата на РепубликаМакедонија; месната самоуправа; заштитата на локалната самоуправа; утврдување наслужбени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Во рамките на законот и во согласност со начелото насупсидијарност, општините имаат право на своето подрачје да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт(член 20). Општините самостојно, во рамките на законот, ги уредуваат ивршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со овојили друг закон и се одговорни за нивното вршење (Член 21).

Со членот 14 од Статут на Општина Центар (Службен гласник на Општина Центар бр.1/06) е уредено дека општината самостојно, во рамките на законот и овој Статут ги уредува и врши работите од јавенинтерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како иработите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

***Надлежност на градоначалникот***

Законот ја утврдил и надлежноста на градоначалникот за контрола на законитоста на прописите што ги носи советот на општината (член 50, став 1 точка 2 од Законот) како и за контрола на законитоста на прописите на советот пред нивното објавување. Во членот 51 е утврдена должноста на градоначалникот во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето на секој пропис на советот за кој смета дека не е во согласност со Уставот и законите.

**в) Закон за град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2004 и 158/2011**)

***Одржување и користење на речните корита***

Во контекст на предметот на работа на комисијата треба да се спомене дека надлежноста за регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови на градот Скопје е надлежност на градот Скопје утврдена со членот 10, точка 4, алинеја 19 од Закон за град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2004 и 158/2011).

**г) Закон за јавните набавки (’’Службен весник на РМ’’ бр.136/07, 130/08 и 97/2010)**

Во Законот меѓу останатите постапки, како што се отворена постапка, ограничена постапка, конкурентен дијалог, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, постапка со барање за прибирање на понуди, утврден е и **конкурс за избор на идејно решение.**

Согласно членот 21 став 3 од законот, договорниот орган спроведува конкурс за избор на идејно решение кога набавува план или проект главно во областа на просторното планирање, урбанистичкото планирање, архитектурата и градежништвото или обработка на податоци, избран од страна на жири комисија, врз основа на конкурс.

Договорниот орган спроведува конкурс за избор на идејно решение како посебна постапка со доделување награди, или како дел од постапката за доделување на договор за јавна набавка на услуги.Постапката за спроведување на конкурсот за избор на идејно решение е детално разработена во членовите од 105 до 114 на законот.Така согласно членот 106 од законот, договорниот орган во документацијата за конкурсот ги наведува сите информации, услови, правила или критериуми со цел на потенцијалните учесници да им обезбеди точни и целосни информации за изборот на идејното решение.Конкурсот се објавува во ’’Службен весник на РМ.’’ Бројот на избраните учесници согласно членот 110 од законот, мора да биде доволен за да обезбеди вистинска конкуренција.

Согласно членот 111, оценувањето на плановите или проектите поднесени на конкурсот го врши жири комисија избрана од договорниот орган.Жири комисијата е составена од членови кои се со соодветни професионални квалификации и искуство во областа.Жири комисијата, согласно членот 113 од законот, ги оценува поднесените проекти и планови врз основа на критериумите за оценување наведени во огласот и поднесува извештај до договорниот орган.

## 2. Анализа на постапката за донесување на одлуки за градење на спомениците

### 2.1. Предмет на анализата

Според податоците од документацијата што на Комисијата и беше обезбедена од страна на општината Центар, за периодот од 30. 11. 2006 година заклучно со 11. 04. 2013 година, преземени се активности во рамки на вкупно 57 постапки за подигање на монументални целини, спомен обележја во рамки на кои се подигнати вкупно една монументална целина на фонтаната со коњичка скулптура на Александар Македонски (Решение за јавна набавка број 08-471/1 од 28.02.2007); 41споменик (насловени како спомен обележја); 2 мостови: Мост на Уметноста и Мост Око; 28 скулптури на мостот на Уметноста; 17 скулптури на мостот Око; 4 скулптури на лавови, 4 фонтани, една монументална фонтана со бар релјефи; два плоштади, колонада и други објекти во вкупна исплатена вредност од 55.418.177,50 евра или 3.408.217.916,50 денари.

Во периодот од 2007 до 2013 година, за изведбата на спомениците и пропратните содржини од централниот буџет се префрлени на сметката на Општина Центар вкупно 3.551.068.000,00 денари (58.023.986,00 евра) за кои нема законска оправданост..

Единиците на локалната самоуправа не може да добиваат средства од Буџетот на Република Македонија за подигање на спомен–обележја, односно Општина центар не можела да добие средства од Буџетот на Република Македонија за подигање на спомен обележја. Подигањето на спомен–обележја Општината Центар не ги предвидела како капитална инвестиција, што не е предвидено во член 5 на ЗМСИСО. Според овој закон општините може да дадат средства за меморијални споменици кои ги прави Собранието, но не и спротивно, општината неможе да подига спомен–обележја на трошок на Буџетот на Републиката.

Постапките за подигање на спомениците во рамки на проектот Скопје 2014 се разликуваат за различни видови на споменици и објекти во различни периоди.

### 2.2. Иницијативи за подигнување на спомен обележја

Сите постапки за подигнување на спомениците се водени како постапки за подигнување на спомен обележја.

Најголем дел од постапките се водени врз основа на иницијативи поднесени од страна на Министерството за култура и една иницијатива за три спомен обележја поднесена од страна на политичката партија ДУИ. На овој начин со поднесени вкупно 12 иницијативи подигнати се вкупно 25 спомен обележја (табела бр.1 и табела бр. 2).

Иницијативите се доставени до Советот на Општина Центар, а истите се засновани на одредбите од Законот за меморијални споменици и спомен обележја (членовите 4 и 5) кои се однесуваат на тоа што се спомен-обележја и дека истите можат да ги подигаат општините, градот Скопје и општините во Градот Скопје на иницијатива на правни и физички лица кои можат и да вложуваат средства за негово подигање. Во иницијативитесе посочува и на обврската од членот 18 од ЗМССО, Советот на општината Центар да донесе одлука и да формира одбор за подигање на спомен обележје.

Во сите свои иницијативи Министерството за култура посочува дека станува збор за ***"... истакнати историски личности од историјата на Република Македонија кои се од исклучително значење за развојот на државноста и за државно - правниот континуитет и се вградени во историскиот развој на Република Македонија".*** Описот на ликовите даден во иницијативите се совпаѓа во целост со законската дефиниција за меморијален споменик. Од увидот во списокот на поставени споменици нема сомневање дека сите ликови, кои се посочени во иницијативите од Министерството за култура (табела бр. 1), преставуваат маркантни личности, кои се од исклучително значење за развојот на државноста на Република Македонија.

Согласно со членот 5 од ЗМССО меморијален споменик може да подига единствено Собранието на Република Македонија, односно одлука за подигање на ваков тип на споменици не може да носи Советот на општината Центар.

Табела бр.1 Спомен обележја по иницијатива на Министерството за култура

| | **Назив на спомен Обележје** | **Број и датум на Иницијатива од Мин. за култура** | **Одлука на Совет на Општина Центар** |
|---|---|---|---|
| 1 | Гоце Делчев | 33-9992/1 од 30.10.2007 | 07-2574/4 од 18.12.2007 |
| 2 | Даме Груев | 33-9992/1 од 30.10.2007 | 07-2574/4 од 18.12.2007 |
| 3 | Никола Карев | 33-9992/1 од 30.10.2007 | 07-2574/4 од 18.12.2007 |
| 4 | Цар Самоил | 41-3060/1 од 04.03.2008 | 08-648/5 од 14.03.2008 |
| 5 | Методија Андонов Ченто | 41-3060/1 од 04.03.2008 | 07-648/6 од 14.03.2008 |
| 6 | Гемиџиите | 41-6114/1 од 16.06.2008 | 07-1681/9 од 27.06.2008 |
| 7 | Карпош | 41-6114/1 од 16.06.2008 | 07-1681/11 од 27.06.2008 |
| 8 | Цар Јустинијан I | 41-6250/1 од 20.06.2008 | 07-1768/6 од 09.07.2008 |
| 9 | Филип II Македонски | 41-6250/1 од 20.06.2008 | |
| 10 | Македонски бранители | 41-9426/1 од 15.08.2008 | 07-2162/24 од 29.08.2008 |
| 11 | Паднатите Херои за Македонија | 41-11911/1 од 24.10.2008 | 07-2766/5 од 06.11.2008 |
| 12 | Основачите на МРО | 41-11911/1 од 24.10.2008 | |
| 13 | Прво заседание на АСНОМ | 41-11911/1 од 24.10.2008 | |
| 14 | Ѓорѓија Пулески | 08-56/1 од 12.01.2010 | 07-200/12 од 29.01.2010 |
| 15 | Димитрија Чуповски | 08-56/1 од 12.01.2010 | 07-200/10 од 29.01.2010 |
| 16 | Питу Гули | 08-2163/1 од 18.08.2010 | 07-3498/38 од 27.10.2010 |
| 17 | Димитар Поп-Георгиев Беровски | 03-2545/1 од 15.10.2010 | 07-3498/40 од 27.10.2010 |
| 18 | Васил Чакаларов | 51-6674/1 од 16.05.2011 | 07-2478/6 од 17.06.2011 |
| 19 | Христо Узунов | 51-6674/1 од 16.05.2011 | 07-2478/4 од 17.06.2011 |
| 20 | Кузман Јосифовски Питу | 51-11449/1 од 14.09.2011 | 07-3756/22 од 24.09.2011 |
| 21 | Павел Шатев | 51-11450/1 од 14.09.2011 | 07-3756/24 од 24.09.2011 |
| 22 | Христо Татарчев | 51-11451/1 од 14.09.2011 | 07-3756/26 од 24.09.2011 |

Табела бр. 2 Спомен обележја по иницијатива на Демократска Унија за Интеграција (ДУИ)

| **Ред бр** | **Назив на спомен Обележје** | **Иницијатива од политичка партија ДУИ** | **Одлука на Совет на Општина Центар** |
|---|---|---|---|
| 1 | Пјетер Богдани | 08 2337/1 од 25.06.2010 | 07-3498/32 од 27.10.2010 |
| 2 | Јосиф Багери | 08 2337/1 од 25.06.2010 | 07-3498/34 од 27.10.2010 |
| 3 | Неџат Аголи | 08 2337/1 од 25.06.2010 | 07-3498/37 од 27.10.2010 |

## 2.3. Одлуки на Советот на Општина Центар

По добивање на иницијативите, Советот на Општина Центар донесувал Одлуки за подигнување на спомен обележје и во случаите кога всушност требало да се градат меморијални споменици кои не се од локално значење и не се надлежност на општината Центар.

Исто така, најчесто целата постапка за подигање на спомен обележја била спроведувана пред воопшто да биде донесена Програма или дополнување на програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен – обележја.

Оваа појава ќе ја илустрираме само со еден пример (со споменикот на Цар Самоил), иако комисијата утврди дека на ваков начин, односно спротивно на законските одредби со кои е уредена, се водела постапка за најголем број од спомениците финансирани преку буџетот на општината Центар.




Споменикот на Цар Самоил

Спомен обележје на Цар Самоил:

Иницијатива од Министерство за култура бр. 41-3060/1 од 04. 03. 2008
Одлука од советот на Општина центар обр. 07-648/4 од 14. 03. 2008
Извештај од Одборот до Советот на општина центар 09.06.2008
Заклучок на Советот за прифаќање на извештајот од 27.06.2008
Договор за изработка на идеен проект и изработка на модели скулптури и релјефи 08.07.2008
Решение за потреба од Јавна набавка за изработка во мермер на скулптура на Цар Самоил бр. 08-1542/4 од 29.09.2008
Договор за изработка на мермерна скулптура бр. 08-218/1 од 16. 01. 2009 година
Програма за обележување одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен – обележја од 05. 02. 2009

## 2.4. Програма за обележување на значајни настани и личности со спомен обележја

За поставување на спомен обележја Советот на општината Центар донел Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен - обележја („Службен гласник на општина Центар“ бр.1/2008, 5/2008, 6/2008, 8/2008, 10/2008) и Програма за обележување на значајни настани и личности со спомен обележја(пречистен текст) број 07-11-409/2 од 05.02.2009 година објавена во Службен гласник на Општина Центар број 4/2009, како и на основа на девет (9) Програми за дополнување на Програмата за обележување на значајни настани и личности со спомен обележја, донесени во периодот од 05.11.2009 година до 28.12.2012 година.[1]

Програмите и дополнувања на програмите се објавени во Службен гласник на општината Центар врз основа на Решенија за објавување на Програмата за

[1]Програма за дополнување на Програмата за обележување на значајни настани и личности со спомен обележја: бр 07-2983/20 од 05.11.2009, бр. 07-3461/24 од 14.12.2009, бр. 07-200/08 од 29.01.2010, бр. 07-13377/10 од 20. 04. 2010, бр. 07-3498/30 од 27.10.2010, бр. 07-2478/2 од 17.06.2011, бр. 07-3756/20 од 24.09.2011, бр. 07-6530/16 од 13.09.2012 и бр. 07-10029 /30 од 28.12.2012

обележување на значајни настани и личности со спомен обележја донесени од Градоначалникот на Општина Центар[2].

Најголем дел од личностите за кои биле подигани спомен обележја биле воведувани во Програмата за обележување на значајни настани и личности со спомен обележја, дури откако се склучени договорите за нивна изработка, односно програмите се носени пост фестум, со цел да се задоволи формата и законската обврска.

Со Програма за обележување на значајни настани и личности со спомен обележја(пречистен текст) број 07-11-409/2 од 05.02.2009 предвидено е подигање на спомен обележја на следните личности:

Табела бр.3 Спомен обележја предвидени со пречистениот текст на Програмата од 05. 02.2009

| Реден бр. | Име на спомен обележје |
|---|---|
| 1 | ГоцеДелчев |
| 2 | ДамеГруев |
| 3 | НиколаКарев |
| 4 | Припадници на МВР од составот на ПС за безбедност на патниот сообраќај Скопје загинати за време на воениот конфликт во 2001 година |
| 5 | ЦарСамоил |
| 6 | МетодијаАндоновЧенто |
| 7 | Гемиџиите |
| 8 | Карпош |
| 9 | ЦарЈустинијан I |
| 10 | Скулптуранавоин |
| 11 | Св. Кирил и Методиј |
| 12 | Св. Климент и Наум Охридски |
| 13 | Македонскибранители |
| 14 | Основачите на Макдонската Револуционерна Организација |
| 15 | Првотозаседаниена АСНОМ |
| 16 | УкраинскиотпоетТарасШевченко |
| 17 | Загинатите припадници на АРМ во хеликоптерската несреќа |

Со Програмите за дополнување на Програмата за обележување на значајни настани и личности со спомен обележја донесени во периодот од 05.11.2009 година до 28.12.2012 година предвидено е подигање на спомен обележја на следните личности:

[2]Решение за објавување на Програмата за обележување на значајни настани и личности со спомен обележја: бр 07-2983/21 од 05.11.2009, бр. 07-3461/25 од 14.12.2009, бр. 07-200/09 од 29.01.2010, бр. 07-13377/11 од 20. 04. 2010, бр. 07-3498/31 од 27.10.2010, бр. 07-2478/3 од 17.06.2011, бр. 07-3756/21 од 24.09.2011, бр. 07-6530/17 од 13.09.2012 и бр. 07-10029 /31д 28.12.2012

Табела бр. 4 Спомен обележја предвидени со дополнувањата на програмата

| Реден бр. | Датум на донесување на дополнувањето за Програмата | Име на спомен обележје |
|---|---|---|
| 1 | 14.12.2009 | КрстеПетковМисирков |
| 2 | 14.12.2009 | БлажеКонески |
| 3 | 29.01.2010 | СветиКлиментОхридски |
| 4 | 14.12.2009 | СлавкоЈаневски |
| 5 | 29.01.2010 | ГоргијаПулески |
| 6 | 29.01.2010 | ДимитријаЧупоски |
| 7 | 20.04.2010 | ВасилГлавинов |
| 8 | 27.10.2010 | ПјетерБогдани |
| 9 | 27.10.2010 | ЈосифБагери |
| 10 | 27.10.2010 | НеџадАголи |
| 11 | 27.10.2010 | ПитуГули |
| 12 | 27.10.2010 | ДимитарПопГеоргиевБеровски |
| 13 | 17.06.2011 | ВасилЧакаларов |
| 14 | 17.06.2011 | ХристоУзунов |
| 15 | 24.09.2011 | КузманЈосифовскиПиту |
| 16 | 24.09.2011 | ПавелШатев |
| 17 | 24.09.2011 | ХристоТатарчев |
| 18 | 13.09.2012 | БорисСарафов |
| 19 | 13.09.2012 | ПетарЧаулев |
| 20 | 13.09.2012 | МетодијаШаторов – Шарло |
| 21 | 28.12.2012 | ГенералМихајлоАпостолски |
| 22 | 28.12.2012 | НиколаПетровРусински |
| 23 | 28.12.2012 | ПереТошев |
| 24 | 28.12.2012 | АндонЈаневЌосето |
| 25 | 28.12.2012 | СветаЛидијаМакедонска |

Во точка IVод Програмата (пречистен текст од 2009 год.) предвидено е дека финансирањето на изградбата на спомен обележјата, како и трошоците за чување, одржување и заштита на спомен обележјата ќе се врши од средства на Буџетот на Општината Центар, од Буџетот на Република Македонија, од донации како и од други извори во согласност со закон.

## 2.5. Спомен обележја и објекти надвор од програми

Покрај горенаведените, постојат спомен обележја и други објекти за кои не постои соодветна информација за тоа дали и на кој начин биле предвидени во програмите. Такви се следните:

Табела бр. 5 Спомен обележја и објекти кои не се предвидени со програма

| Реден бр. | Име на спомен обележје |
|---|---|
| 1 | Мостнауметноста 1 |
| 2 | Мостнауметноста 2 |
| 3 | Лав 1/1 1/2 |
| 4 | Лав 2/1 2/2 |
| 5 | Ротонда |
| 6 | Плоштад Карпошово востание со воин |

| | |
|---|---|
| 7 | ДвефонтаниvоВардар |
| 8 | Подземна пристапна улица до Филхармонија |
| 9 | Фонтананаплоштад 1 |
| 10 | Колонада |
| 11 | Пешачкимостоко/фонтана |
| 12 | Мост Око |
| 13 | Мост на Уметноста |
| 14 | ПресветаБогородица(плоштад) |
| 15 | Паднатихерои |
| 16 | Двескулптуриналавови 15/200816/2008 |
| 17 | Летниковец |
| 18 | Монументални фонтани со баррељефи на Свети Апостол Петар и Павле, Света Богородица и Свети Никола |

На 30.11.2006 година Советот на Општина Центар донел Одлука бр. 07-2450/2 за отпочнување постапка за подигање на споменик на Александар Македонски на плоштад „Македонија„ во знак на неговото историско значење за Македонија, а на истиот ден Градоначалникот на Општината Центар во Скопје донел Решение за објавување на одлуката за отпочнување постапка за подигање на споменик на Александар Македонски.

Од увидот во документацијата произлегува дека Општината Центар преку својот буџет ја организирала и ја реализирала изведбата, односно градба на **два пешачки моста** (Мост на уметноста и Мост око) како и две фонтани во коритото на реката Вардар. Вредноста на овие објекти изнесува: Мост Око 116.604.995,00 денари или 1.896.016,18 евра; Мост на Уметноста 123.952.249,00 денари или 2.370.207,48 евра и две фонтани во река Вардар со вкупна вредност од 68.212.318,00 денари или 1.111.877,00 евра.

Оваа активност не спаѓа во надлежност на општината Центар туку одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови на градот Скопје е надлежност на градот Скопје.

### 2.6. Одбори за спроведување на оодлуки за подигнување на спомен обележјка

Согласно членот 18 од ЗМССО, со одлуките за подигање на спомен обележјата, се именуваат и одбори за спроведување на постапката за подигање на спомен обележјата. Врз основа на надлежноста на овие одбори, дефинирана во члeновите 10 до 16 од ЗМССО, со одлуките утврдени се задачите кои треба да ги изврши одборот: да распише јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен обележјеата; да ги разгледува општите прашања и предлага мерки и активности во врска со подигањето на спомен обележјата; да го следи извршувањето на одлуката и за тоа да достави извештај до Советот на Општината Центар; може да врши и други работи кои произлегуваат од одлуката и другите прописи кои се однесуваат на активностите од неговата надлежност.

Сите достапни извештаи на одборите и заклучоците за усвојување на извештаите содржат информации во кои е опфатена само првата фаза од

постапката, до избор на идејно решение (да распише јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен обележјата), додека понатамошната реализација на проектите е препуштена да се одвива без контрола на Одборот или на Советот на Општина Центар, како орган кој ги одобрува извештаите на одборот и до крајот ја следи севкупната реализација на овие проекти. Ова особено се однесува на фазите на изведбата после идејното решение (јавна набавка, изведба, монтирање, обезбедени средства за одржување). Композицијата на одборите е хетерогена и истите се составени од разни профили на експерти, со што се поткрепува мандатот што на одборот му го дава ЗМССО за целосно следење на изведбата на проектите.

## 3. Анализа на дел од постапката за јавна набавка за изградба на споменици и други придружни елементи и објекти

### 3.1. Постапка за јавна набавка за идејно решение

Согласно Законот за јавни набавки (членот 21 став 3), договорниот орган спроведува конкурс за избор на идејно решение кога набавува план или проект. Конкурс за избор на идејно решение се спроведува како посебна постапка со доделување награди, или како дел од постапката за доделување на договор за јавна набавка на услуги.

Од документацијата за спроведените постапки за избор на идејни решенија забележливи се следните фази на постапување:

1. Објавување на конкурс за идејно решение
2. Записник од работата на Одборот за подигање на спомен обележјето;
3. Извештај од Одборот до Советот на Општината Центар;
4. Заклучок на советот за прифаќање на извештајот
5. Решение за избор на најповолна понуда во постапката за набавка на идејно решение со преговарање
6. Договор за изработка на идеен проект за изработка на модели, скулптури и релјефи.

*а). Објавување на конкурс за идејно решение*

Од постапките за изведување на спомен обележјата и другите објекти во периодот од 2007 до 2012 година на Комисијата и беше направена достапна документацијата за објавени 24 конкурси за изработка на идеен проект за подигање на спомен обележје или за изработка на идејни решенија за изработка и поставување на скулптури (на пешачкиот мост ОКО на реката Вардар) или за изработка на идејно решение за монументална целина на фонтаната со коњичка скулптура на Александар Македонски (Решение 08-471/1 од 28.02 2007).

Единствен конкурс кој е објавен како меѓународен е Конкурсот 1/07 за изработка на идејно решение за монументална целина на фонтаната со коњичка скулптура на Александар Македонски со можна пропратна

фигуративна содржина, објавен во Сл. Весник на Република Македонија бр. 31 од 14 март 2007 година. Во останатите конкурси е внесена клаузула дека можат да учествуваат и странски физички лица. Нема точна информација колку автори од странство учествувале на овие конкурси, а како странец е избран авторот Љиндита Беќири од Прешево, Р Србија за споменикот на Пјетер Богдани.

Во објавените конкурси наведена е пресметковна вредност на спомен обележјата, која најчестосуштествено се разликува од сумите во потпишаните договори за изработка на идеен проект и изработка на модели скулптури и релјефи и договорите за изведба на споменицитe (лиење и мермер).



**Споменикот на Методија Андонов Ченто**

**Конкурс бр. 3/08**

Во Конкурсот број 3/08 за изработка на идеен проект за подигање на спомен обележје на Методија Андонов Ченто пресметковната вредност на спомен обележјето изнесува 4.000.000,00 денари

Според евиденцијата на општина Центар на авторот се исплатени 9.924. 237,00 денари, а за изработка на скулптура во мермер 50.022.595,00 или 813.375,53 евра.

Вкупно за оваа скулптура се потрошени 65.787.818,00 денари или 1.069.720,62 евра.Во оваасума не се внесени трошоците за постаментот.

*б) Извештај од Одборот до Советот на Општината Центар*

Во извештаите Одборот го известува Советот за постапката за избор на идејно решение и направеното рангирање на трудовите и му предлага на советот спомен обележјето да биде подигнато според прво наградениот идеен проект и автор.

Со поднесувањето на извештаите до Советот на Општина Центар всушност завршувала работата на Одборите за подигање на спомен обележја, што не е во склад со членот 10 од ЗМССО и задачите утврдени со одлуката за негово именување.

*в) Заклучок на советот за прифаќање на извештајот*

На комисијата и беа направени достапни 21 Заклучоци за усвојување на извештаите на одборите, донесени од страна на Советот на Општина Центар.

Од анализата на овие заклучоци и склучените договори за изработка на идеен проект и изработка на модели на скулптури и релјефи помеѓу Општината Центар и авторот, се забележува дека и покрај тоа што постои заклучок од советот, општината склучувала договори и со други автори, а не со оние кои биле избрани од одборот.

Како илустрација за склучен договор со автор различен од оној кој го избрал/утврдил одборот:

> Одборот за подигање на спомен обележјето за Методија Андонов Ченто до Советот на општина Центар доставил извештај од 9. 06. 2008 година во кој како прво рангиран е идејниот проект на авторот Алаксандар Ивановски – Карадаре, скулптор од Скопје со предлог спомен обележјето да биде подигнато според овој идеен проект.
>
> Советот донел заклучок број 07-1681/7 од 27. 06. 2008 година со кој е прифатен извештајот на одборот.
>
> На 11. 07. 2008 година склучен е договор број 08-1905/4 со авторот Димитар Филиповски од Скопје, кој бил второ рангиран од одборот.

### 3.2. Постапка заизбор на најповолна понуда во постапката за набавка на идејно решение (модел) со преговарање

Општината Центар пред склучување на договорите спроведувала и постапка за јавна набавка согласно членот 99 став 1 точка 1 алинеја 2 од ЗЈН со цел по пат на непосредно преговарање со избраниот автор за да дојде до економски најприфатлива цена, по што се пристапувало кон склучување на договори за изработка на моделите.

Составен дел на договорот се и документите предмер и пресметка за спомен обележје како и план за динамиката на реализација на спомен обележје, кои не беа достапни за сите анализирани договори. Предмерот и пресметката ги опфаќа трошоците за изработка на скулптури (најчесто гипсен модел) во оригиналната димензија на спомен обележјето како и гипсен модел за пропратните релјефи. Сумите за реализација на овие активности се всушност сумите кои се содржани во договорите со авторите.

Како илустрација за содржината и цените вградени во договорот со предмер пресметка, ќе го наведеме Договорот и предмерот/пресметка за изработка на идеен проект и изработка на модели на скулптури и релјефи за спомен обележјето на Методија Андонов Ченто. Сумата на договорот од 5,314.275,00 денари или 86. 419,00 евра и не ги опфаќа анексот на договороти финалната изработка на спомен обележјето, што е предмет на друга јавна набавка за изработка на споменик од мермер и леење на релјефи од бронза.

| |
|---|
| Сума на договорот е 5,314.275,00 денари или 86.410 евра<br>Ставките во Предмерот и пресметката се изразени во евра:<br>- Изработка на релјефи со мотиви од животот на Ченто со вкупна површина од 9 м2 цена 1500 евра по м2, вкупно 9000 евра<br>- Изработка на гипсен модел со висина од 5 метри, со рок на изведба 10 месеци, вкупна сума 77.850 евра, вклучувајќи ги следниве позиции:<br>o Изнајмување на хангар 300м2 по цена од 6 евра за квадрат = 16.200 е<br>o Сметки за струја во износ од 250 евра x 9 месеци = 2250 евра<br>o Инсталирање на загревање во хангарот (тајфуни) = 600 евра<br>o Дипломирани вајари, соработници (4) по 700 евра месечно, 2800x9=25.200 евра<br>o Помошници по 300 евра месечно = 900 евра x 9 месеци = 8100 евра<br>o Храна, кафе, пијалаци x 2000 ден дневно, 1000 евра x 9 месеци = 9000 евра<br>o Гипс, коноп, материјали 1500 евра<br>o Авторски хонорар 15.000 евра |

За објективноста на прифатените (договорени) износи, содржани во договорите и предмер пресметките се наметнува потреба од дополнителна финансиска евалуација, од причина што некои од договорените позиции очигледно ги надминуваат пазарните вредности.

Вкупно, по основа на договори за изработка на идеен проект за изработка на модели, скулптури и релјефи Општината Центар за сите проекти, вклучувајќи ги и оперативните трошоци, досега исплатила вкупно 7.577.928,55 евра или 466.042.605,00 денари.Некои од објектите во рамки на проектот Скопје 2014 за кои идејните решенија се изработени и платени, се уште не се поставени.

Во книговодствената евиденција на Општина Центар постои и група спомен обележја и други објекти за кои е ставена забелешка дека не се во Проектот Скопје 2014 и не се прикажани во визуелизацијата, а некој би можел да ги поврзе со проектот Скопје 2014. Тоа се спомен обележјата: Карпошово востание, Ѓорѓија Пулевски, Димитрија Чуповски, Крсте Петков Мисирков, Плоштад Пресвета Богородица, Димитар Поп Георгиев Беровски, Питу Гули, Неџат Аголи, Јосиф Багери, Пјетер Богдани, Христо Узунов, Васил Чакаларов, Павел Шатев, Христо Татарчев и Кузман Јосифовски Питу.

### *3.3. Постапка за јавна набавка за финална изведба*

Со Законот за јавни набавки особено се обезбедува: конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка. Сите овие аспекти на спроведувањето на постапките ќе бидат предмет на анализа во вториот извештај на оваа комисија.

Од досегашните согледувања за тоа како се спроведувани овие постапки за јавни набавки, а кои произлегуваат од многу мал број на добиени документи од овој дел на постапувањето, Комисијата можеше да согледа низа неправилности, од кои овде како илустрација ќе наведе само некои од нив:

Некои од барањата кои се содржани во огласите за јавни набавки како елиминаторни ја оневозможуваат и реално ја исклучуваат конкурентноста.

Таков е примерот со огласот за јавна набавка за лиење на скулптури и релјефи во бронза за скулптурата на Александар Македонски со придружната содржина, каде за економските оператори се бара минимум 3 милиона евра годишен обрт за последните три години. Како последица на ова, во првата фаза, прифатена е понудата на единствениот квалификуван понудувач, леарницата на Фернандо Маринели од Италија.

Комисијата исто така забележа постапувања кои дополнително треба да се анализираат од аспект на транспарентноста и интегритетот во процесот на доделување на договори за јавни набавки. Постојат примери во кои вредноста и видот на спомен обележјето што требало да биде изградено се мнувале во текот на постапката.

Како илустрација ќе го наведеме примерот со спомен обележјето на **Никола Карев кој според документацијата е изведен во мермер.:**

Со Решение на Градоначалникот бр. 08-1539/1 од 03.06.2008 година утврдена е потреба за јавна набавка за услуги – лиење во бронза на коњанјчка скулптура на никола Карев. Вредноста на јавната набавка е определена на 5.000.000,00 денари.

На денот на објавување на огласот за јавна набавка во службен весник на Р Македонија бр. 74/08 од 18. 06. 2008 година, Градоначалникот донел ново Решение за измена и дополнување на претходното, во кое вредноста се зголемува на 45.000.000,00 денари, со образложение дека овој споменик треба да се изработи во мермер поради што претходно утврдените 5.000.000,00 денари не се доволни за ваква изведба.

Од увидот на лице место Комисијата констатира дека споменикот на Никола Карев е изведен со лиење во бронза.




**Споменикот на Никола Карев**

Слична е и состојбата со спомен обележјето на Воин (Филип втори), каде има значително отстапување во изведбата на спомен обележјето во однос на првично објавениот конкурс.  Комисијата ќе продолжи со подетална анализа и евалуација на спроведените постапки за јавни набавки за финална изведба на спомен обележјата во својот втор извештај.

# **З А К Л У Ч О Ц И**

Од извршената анализа на постапката, што била спроведена во рамките на Општина Центар, а која се однесува на поставувањето на спомениците опфатени со проектот “Скопје 2014“ се констатираат мноштво на сериозни незаконитости.

1. **Општината Центар немала надлежност за изведување на овој тип на објекти**

Во иницијативите доставени до општина Центар Министерството за култура посочува дека станува збор за “... истакнати историски личности од историјата на Република Македонија кои се од исклучително значење за развојот на државноста и за државно-правниот континуитет и се вградени во историскиот развој на Република Македонија“. Од увидот во списокот на поставени споменици нема сомневање дека сите ликови кои се реализирани преку овие споменици претставуваат маркантни личности кои се од исклучително значење за развојот на државноста на Република Македонија. Овие белези според Законот се иманентни за меморијални споменици.

Имајќи ги предвид ваквите карактеристики на спомениците, очигледно е дека овде станува збор за меморијални споменици, за чие подигање одлука може да донесе единствено Собранието на Република Македонија, согласно членот 3 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата. Наспроти тоа, во конкретната ситуација сите одлуки за нивното поставување се донесени од страна на Советот на Општината Центар. На тој начин овој орган ги прекршил своите со закон дефинирани надлежности.

Фактот што овие објекти во поединечните акти на општината Центар (одлуки и решенија) се насловени како спомен обележја (тоа се бисти, скулптури, плочи, чешми,фонтани и други уметнички и архитектонски дела и творби што со своитесодржини и ознаки одбележуваат настани и личности кои се од локално значење) не ја менува суштината дека општината поставувала меморијални споменици.

2. **Општината Центар немала надлежност за изведување објекти на реката Вардар.**

Општината Центар преку својот буџет ја организирала и ја реализирала изведбата, односно градба на два пешачки моста (Мост на Уметноста и Мост Око) како и две фонтани во коритото на реката Вардар. Со изведување на овие градби општината Центар ги прекршила своите законски надлежности, бидејќи изградбата и одржувањето на мостовите на реката Вардар и регулација на коритото на подрачјето на градот Скопје се во исклучува надлежност на Град Скопје.

3. **Градоначалникот на општината Центар не постапил согласно својата законска надлежност и должност за контрола на законитоста на прописите што ги носи советот на општината**

Тргнувајќи од својата законска позиција на контролор на законитоста на одлуките кои ги донесува советот, Градоначалникот на општина Центар бил должен да постапи согласно членот 50 и 51 од Законот за локалната самоуправа, односно со решение да го запре нивното објавување во службеното гласило на општината и на тој начин го спречи незаконското инволвирање на општината во овој грандиозен проект. Наместо тоа, градоначалникот на општината сите одлуки на советот ги оценил како законити и ги објавил во Службениот гласник на Општина Центар.

4. **Сериозно е нарушено функционирањето на правната држава, односно владеењето на правото и тоа како на локално, така и на централно ниво**.

Со игнорирањето на законите кои ја уредуваат оваа сфера, раководните структури во општината Центар свесно се впуштиле во спроведување на проекти кои не се во нејзина надлежност, додека пак централната власт, олицетворена преку Министерството за култура, ја поттикнала таквата незаконитост со доставувањето на писмени иницијативи до советот на општината за поставување на спомениците.

За сето тоа што се случувало во период од 2007 до 2013 година, не е евидентирана реакција од Собранието на Република Македонија, и покрај тоа што општината Центар извршила упад во неговата надлежност, дефинирана со Законот за меморијалните споменици и спомен обележја, што е констатирано и со ревизорски извештај на ДЗР за 2009 година.

Отсуствува и друга институционална реакција од било кој надлежен орган или тело задолжени за следење на законитоста на овие постапки (Биро за јавни набавки, Јавен обвинител, ДКСК)

5. **Насочувањето на парични средства за оваа намена од централниот буџет на сметката на Општина Центарнема законска оправданост**.

Инволвирањето на централната власт преку насочувањето на значителни износи на средства за оваа намена од централниот буџет на сметката на Општина Центар е евидентно.

Во периодот од 2007 до 2013 година, за изведбата на спомениците и пропратните содржини од централниот буџет се префрлени на сметката на Општина Центар вкупно 3.551.068.000,00 денари (58.023.986,00 евра) за кои нема законска оправданост.

6. **Реализација на проектите се одвивала на начин кој создава простор за нерегуларности и злоупотреба на буџетските средства.**

Од досегашната анализа на документацијата, комисијата констатира дека е применет модел на постапување со вградени процедури кои требало навидум да создадат впечаток дека се почитуваат законските одредби.

Програмите се носени откако биле завршувани другите постапки (пост фестум), со цел да се задоволи формата, а не и нивната суштина и законитост.

Ова е евидентно и во другиот дел на постапувањата, почнувајќи од содржината на одлуките на советот и конкурсите за идејни решенија, работата на одборите за подигање на спомениците, непосредното преговарање со авторите за висината на нивните трошоци и хонорари, па завршувајќи со јавните набавки за изработка (лиење) на спомениците, каде некои од барањата кои се содржани во огласите за јавни набавки, а кои се означени како елиминаторни, реално ја оневозможиле и ја исклучиле конкуренцијата.

7. **Во многу значајни фази од постапката реализацијата на проектите била оставена без јасно видлива и ефективна контрола**.

Одборите кои биле формирани за подигање на спомениците, согласно ЗМССО треба да бидат креаторот и контролорот на спроведувањето на целокупната постапка на поставување на споменикот, од почеток (со објавување на конкурс за идеен проект), па до самиот крај (примопредавање на споменикот). За сите значајни прашања одборот е должен со извештај да го извести советот на општината.

Наместо тоа, одборите формирани од советот на Општина Центар биле нелогично маргинализирани и фактички ја завршувале својата работа веднаш по првата фаза, а тоа е изборот на идејното решение. Во останатите фази од постапката, при договарањата со авторите за нивните авторски договори, како и јавните набавки за лиење на спомениците, кога се потрошени преку 95% од вредноста на спомениците, одборите ги нема никаде. На тој начин, нема финални извештаи за секој засебен проект, а со самото тоа и советот на општината нема основ да расправа за успешноста на изведбата и начинот на кој се потрошени средствата.